# Придржување кон терапија со лекови: фактори кои влијаат и методи и пристапи на мерење - приказ на состојбата во Република Северна Македонија

**Дијана Мицева**

Оддел Фармација, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

Придржувањето кон пропишаната терапија со лекови игра клучна улога во постигнување на оптимална контрола на болеста и подобрување на квалитетот на животот кај пациентите, особено оние со хронични болести. Сепак, во нашата држава следењето на нивото на придржување кон терапијата не е доволно дефинирано и токму поради оваа причина, постојат значителни предизвици во однос на воспоставувањето на соодветни методи и алатки за мерење.

Целта на ова литературно истражување е да се даде сеопфатен преглед на тековната состојба во Република Северна Македонија во однос на методите за одредување на степенот на придржување кон терапијата, но и да се дадат предлог насоки за потребните законодавни реформи и имплементација на современи алатки за следење на придржувањето кон терапијата. Од суштинско значење е да се направи ревизија на постојната национална регулатива и да се разгледаат и дефинираат стратегии за подобрување на мерките/методите за следење на придржувањето кај пациенти со хронични заболувања, како што е астмата. Астмата, како една од најзастапените хронични болести, сè уште претставува значителен здравствен предизвик поради ниското придржување кон терапијата, неправилната техника на користење на инхалаторите и и други фактори, главно поврзани со пациентите. Во овој контекст, презентирани се чекорите за адаптација на два клучни прашалника за одредување на придржувањето и контролата на техниката на инхалирање, со крајна цел подобрување и контрола на болеста, како надополнување на веќе претходно дадените насоки на медицинскиот персонал.  Имплементацијата на овие алатки, на македонски јазик, ќе придонесе за систематско следење на терапијата и ќе помогне во идентификување на главните проблеми поврзани со непочитување на пропишаната терапија.

Според тоа очигледно е дека, усвојувањето на концизна законска рамка е од круцијално значење за да се поставаат јасни стандарди и барања за оценување на придржувањето кон лековите. Потребни се национални стратегии кои ќе обезбедат соодветни програми за мониторинг и зголемување на соработката помеѓу здравствените работници и пациентите, што ќе резултира со поуспешна контрола на хроничните болести како астмата.

Фармацевтите играат клучна улога во советувањето на пациентите и следењето на придржувањето кон терапијата, преку спроведување на фармацевтски грижи и консултации. Интеграцијата на овие методи, заедно со улогата на фармацевтите и законската регулатива, ќе придонесе кон подобри здравствени исходи и намалување на компликациите поврзани со хроничните заболувања.

**Клучни зборови**: алатки, методи, придржување, астма, регулатива